Република Северна Македонија
Државен Инспекторат за животна средина

Republika e Maqedonisë së Veriut
Inspektorati Shtetëror i Mjedisit Jetësor

Арх

ИП1 15-02
Дата:23.01.2025 година
Скопје,

Република Северна Македонија
**Државен Инспекторат за животна средина**

ул. Бихаќка бр.2,
Пети спрат,
Палата Емануел Чучков
1000 Скопје,
Република Северна Македонија

Тел
Е-пошта: info@sei.gov.mk
Сајт: www. sei.gov.mk

**Inspektorati Shtetëror i Mjedisit Jetësor**

Rr. Bihaqka, nr.2
Kati i pestë
Palati Emanuel Çuçkov
1000 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

Tel.
Posta-E info @ sei.gov.mk
Web. www.sei.gov.mk

Државниот Инспекторат за животна средина преку инспекторот Хусни Тачи, со службена легитимација број 06-0020, изврши Редовен инспекциски надзор во Друштво за трговија на нафтени деривати и услуги ЛУКОИЛ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, Подружница Бензинска Станица Глумово, Сарај Скопје, со адреса на Ул. Населено место без уличен систем, бр.2,с. Глумово, Сарај, Авопат Е65/ насока А2 -Тетово – Скопје, застапувано од Денис Јуриевич Рјупин –управител и со Записник бр. ИП1 15-02 од 16.01.2025 година, ја утврди фактичката состојба и врз основа на член 200 од Закон за животна средина, ( Сл.весник на Р.С.М. бр. 53/2005.....89/2022), член 33 став 1 и 2 од Закон за инспекциски надзор во животната средина, ( Сл.весник на Р.С.М. бр. 99/2022) и член 83 од Законот за инспекциски надзор ( Сл весник на РСМ бр 50/11...102/2019) донесе:

## РЕШЕНИЕ

СЕ ЗАДОЛЖУВА Друштво за трговија на нафтени деривати и услуги ЛУКОИЛ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, Подружница Бензинска Станица Глумово, Сарај Скопје, застапувано од Денис Јуриевич Рјупин – управител по приемот на оваа решение да ги отстрани недостатоците утврдени со записникот бр. 15-02 од 16.01.2025 година и тоа:

1. Да изработи елаборат или да го измени постојниот елаборат со цел да го усогласи своето работење со пропишаните стандарди за квалитет на животната средина и пропишаните гранични вредности на емисии, согласно член 24 став 6) од Законот за животна средина и да го достави на одобрување до надлежниот орган;
   Рок:90(деведесет)дена;

2. Субјектот на инспекцискиот надзор од точка 1 и 2 на оваа решение е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциска мерка, а најдоцна во рок од три дена писмено и/или по електронска пошта да го извести инспекторот дали се извршени инспекциските мерки.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Државниот Инспекторат за животна средина на ден 16.01.2025 година изврши Редовен инспекциски надзор врз Друштво за трговија на нафтени деривати и услуги ЛУКОИЛ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, Подружница Бензинска Станица Глумово, Сарај Скопје, при што се изготви Записник за констатација со бр. ИП1 15-02. Од увидот се констатираше дека, Правниот субјект ја врши дејноста: трговија на

мало со нафтени деривати. На увид при инспекцискиот надзор приложи Согласност за одобрување на елаборатот со арх. бр. 11-4648/2 од 01.08.2008 година, одобрен од страна на МЖСПП. При надзор се констатираше дека Согласноста за елаборатот е издадена на име на "АС-ОИЛ-М1" ДОО со седиште на ул. "Партизански Одреди" бр.143 Скопје. Имајќи предвид дека носителот на согласноста за елаборатот е друг правен субјект а субјектот кој ја врши дејноста точење на нафтени деривати – бензинска пумпа, с. Глумово општина Сарај е ЛУКОИЛ Македонија -Скопје потребно е да се усогласи носителот на Решението за одобрување на елаборатот за заштита на животнаста средина со вршителот на дејноста точење на нафтени деривати – бензинска пумпа. Од погоре наведеното се донесе: Решение како во диспозитивот.

Доколку во определениот рок не постапи по оваа решение,Државниот инспектор за животна средина ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка , согласно член 200 став 4 од Законот за животна средина (Сл.весник на Р.М. бр:53/2005,81/2005,24/2007,159/2008,83/2009,48/2010,51/2011,123/12,..129/15,39/16и99/18).

Република Северна Македонија
Државен Инспекторат за животна средина

ул. Бихаќка бр.2,
Пети спрат,
Палата Емануел Чучков
1000 Скопје,
Република Северна Македонија

Тел
Е-пошта: info@sei.gov.mk
Сајт: www. sei.gov.mk

Inspektorati Shtetëror i Mjedisit Jetësor

Rr. Bihaqka, nr.2
Kati i pestë
Palati Emanuel Çuçkov
1000 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

Tel.
Posta-E info @ sei.gov.mk
Web. www.sei.gov.mk

## УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:

Против ова решение може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен во рок од 15 дена од приемот на решението.

Жалбата се таксира со 250,00(двестаипедесет)денари административни таксени марки.

Решено во Државен инспекторат за животна средина -канцеларија во Скопје под бр. ИП1 15-02 на ден 23.01.2025 година.

ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОР
ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
Хусни Тачи, Главен инспектор

Доставено до:
-Архива,
- ЛУКОИЛ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје,
Подружница Бензинска Станица Глумово, Сарај Скопје
Ул. Населено место без уличен систем, бр.2,с. Глумово, Сарај, Авопат Е65/ насока А2 - Тетово – Скопје.